TRISORO

# Упатство за употреба

За монтажа на Трисоро панелите ви се потребни

1. Метро
2. Скалер
3. Линеар
4. Либела
5. Силикон и пурлепак ако панелите се монтираат во внатрешни простории
6. Прашкаст лепак за стиропор во случај да се користат во надворешни услови
7. У врска или друго средство за подобрување на лепливоста на зидот
8. Средство за дополнителна заштита од сончеви зраци доколку панелите се користат како фасада

НАЧИН НА МОНТАЖА

1. Прво треба да се провери дали површината каде што се лепат панелите се рони
2. Доколку се утврди дека се рони зидот сиот оној слој што се лушпи треба да се одстрани и да се премачка со средство за подобрување на лепливоста
3. Со либела се одбележува рамна линија која служи за репер за нивелирање
4. Доколку се забележи по ивиците од панелот дека има излеано од акрилниот слој треба внимателно да се одстрани тој слој за подобар состав межу панелите.
5. Се мачка колку што може поголем дел од задната страна на панелот со средстово за лепење и нежно се притиска кон зидот, во никој случај не треба да се удира врз панелот туку со нежно притискање да се разлее лепилото помеѓу зидот и панелот.
6. Доколку панелите се користат во надворешни услови препорачливо е да се премачка со средство за дополнителна заштита на бојата од УВ зрачење

Начин на одржување

Панелите што се наместени во внатрешни услови по потреба може да се бришат со влажна крпа или со помагала за одстранување на прашина.
Ви никој случај не смее да се користат средства што се на нитро основа!
Сите средства што ќе се користат врз панелите мора да бидат на водена основа!